РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-370/3
06.04.2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 27 став 6 и 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25"), и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Валандово го донесе следното:

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за формирање на стручна комисија за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета**

За спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета за **Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово со технички број 04/2026 од Март 2026 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје**, се формира трочлена комисија во состав:

1. Ѓоко Аврамски маг.инж.арх. – Раководител на одделение за урбанизам,
2. Соња Маџирова дипл.инж.арх.- стручен работник, надворешен член овластување број 0.0411
3. Елена Дракуловска Гигов дипл.инж.арх.- изработувач на планот овластување број 0.0361.

Се задолжува стручната комисија да изработи Извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета со образложение за прифатените и не прифатените забелешки за планот.

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во текот на постапка за донесување на **Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово со технички број 04/2026 од Март 2026 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје**, а во согласност со член 27 став 6 и член 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање, се формира комисија задолжена да изработи Извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета.

Стручната комисија е составена од три члена: Елена Дракуловска Гигов, дип.инж.арх. –носител на овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0361, како претставник на изработувачот на планот, Ѓоко Аврамски маг.инж.арх.- лице вработено во општинската администрација во одделение за урбанизам, претставник на донесувачот на планот, Соња Маџирова, дип.инж.арх.- стручен работник, со овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0411, кој не е вработен во Општина Валандово.

Имајќи ја во предвид потребата од спроведување на постапката за донесување на Детален урбанистички план, како и одредбите од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение нема место за жалба, а против истото странката може да поведе управен спор.

Изработил: Анита Трајкова

Контролирал: Илија Матеев

Одобрил: Горан Дончев

**Општина Валандово**
**Градоначалник**
**Ѓоко Камчев**

Goran Donchev
Digitally signed by Goran Donchev
Date: 2026.04.06 14:42:43 +02'00'